Vrz osnova na čl.13 od Zakonot za organizacija na naučnata rabota i čl.28 i 67 od Zakonot za visokoto školstvo vo SRM, Univerzitetskiot sovet na Univerzitetot vo Skopje, na predlog na Univerzitetskata uprava, na 85-ta redovna sednica, održana na 27.V. 1965 godina, donese

# O D L U K A

za osnivanje na Institut za opšta i inženerska seizmologija

## Člen 1

Se osniva Institut za opšta i inženerska seizmologija, kako samostojna i samoupravna naučno-nastavna ustanova (vo natamošniot tekst: Institut) na Univerzitetot vo Skopje.

Sedišteto na Institutot e vo Skopje.

## Člen 2

Osnivač na Institutot e Univerzitetot vo Skopje.

## Člen 3

Institutot gi ima slednive zadači:

1. naučno da gi proučuva seizmološkite pojavi vo Jugoslavija i bliskite zemji, da go podtiknuva i organizira proučuvanjeto na prašanjata od opšta i inženerska seizmologija, od aseizmičkoto gradenje, od urbanističkite planovi, kako i od bliskite naučni oblasti;

2. da gi razrabotuva i usovršuva istražuvačkite metodi vo oblasta na seizmologijata i nejzinata primena;

3. da raboti na usovršuvanjeto na naučnite kadri i da podgotvuva naučen podmladok vo ramkite na spomenatite naučni oblasti;

4. da izveduva nastava od oblasta na seizmologijata, aseizmičkoto gradenje i urbanističkoto planiranje vo seizmičkite reoni;

5. da obezbeduva materijalni i drugi uslovi za studiska i istražuvačka rabota;

6. da organizira razni formi na rabota so stručnite kadri, zaradi nivnoto osposobuvanje za samostojna stručna i naučna rabota;

7. da vrši sobiranje i analizi na evidentiranite slučai na seizmička aktivnost vo Jugoslavija i bliskite reoni i da izučuva dokumenti nužni na Jugoslavija i bliskite zemji;

8. da obezbeduva sekoj vid pomoš pri site vidovi planiranja i gradenje vo seizmičkite reoni;

9. da organizira rabota na izrabotka na seizmološki karti;

10. da pomaga pri donesuvanjeto na propisi i pravilnici za antiseizmička gradba;

11. da organizira pretresuvanje na problemi od oblasta na sekzmičkite nauki po pat na sovetuvanja, diskusii i drugi naučni formi;

12. da gi objavuva i neposredno da gi soopštuva rezultatite od svojata naučno-istražuvačka rabota;

13. da izdava publikacii;

14. da razviva sestrana naučna sorabotka so soodvetnite ustanovi, organizacii i poedinci, što se zanimavaat so proučuvanjeto na seizmološkite nauki vo Jugoslavija i vo stranstvo;

15. da razviva sestrana sorabotka so soodvetnite ustanovi i organizacii, što se zanimavaat so problemite i realizacijata pri izgradbata i obnovata na Skopje vo Jugoslavija i vo stranstvo.

Člen 4

So Institutot rakovodat organi na upravuvanjeto soglasno so Osnovniot zakon za ustanovite.

Za vršitel na dolžnosta direktor na Institutot za opšta i inženerska seizmologija se imenuva Tiberije Kirijas od Skopje.

Vršitelot na dolžnosta direktor na Institutot ima zadača da gi prezeme site dejstvija nužni za otpočnuvanje so rabota na Institutot.

Nadzor nad rabotata na vršitelot na dolžnosta direktor na Institutot ke vrši Univerzitetskiot sovet.

Dolžnosta direktor na Institutot imenovaniot ke ja vrši do konstituiranjeto na organite na Institutot.

Člen 5

So statutot na Institutot ke se propiše organizacijata na Institutot, formiranjeto na organite na upravuvanje i delokrugot na nivnata rabota i negovoto finansiranje.

Se zadolžuva Institutot da donese statut vo rok od šest meseci po potvrduvanjeto na ovaa Odluka. Potvrduvanjeto na statutot ke se izvrši od osnivačot.

Člen 6

Univerzitetot vo Skopje kako osnivač obezbeduva sredstva za otpočnuvanjeto so rabota na Institutot.

Člen 7

Sredstvata za izvršuvanje zadačite na Institutot se obezbeduvaat: od Univerzitetot vo Skopje i od drugi prihodi od naučna rabota i drugi dejnosti.

Člen 8

Institutot ima finansiski plan što go donesuva Sovetot na Institutot.

Člen 9

Za izvršuvanje na finansiskiot plan na krajot na godinata se sostavuva završna smetka.

Završnata smetka ja donesuva Sovetot na Institutot.

Člen 10

Ovaa odluka vleguva vo sila so denot na donesuvanjeto.

Br.01-2/1
27.V.1965 god.

| | |
|---|---|
| PROREKTOR NA UNIVERZITETOT | PRETSEDATEL NA UNIVERZITETSKIOT SOVET |
| Prof. Jože Ulčar, | Pero Korobar, |